## Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија

| Категории на ризик според експозиција поврзана со меѓународни патувања, или контакт со потврден случај | | |
|---|---|---|
| **Ниво на ризик** | **Географска експозиција (Патници):** | **Експозиција на контакти со потврден случај** |
| **ВИСОКО** | **Патници кои доаѓаат од:**<br>• земји класифицирани како земји со висок ризик (според листа на ИЈЗ/МЗ) | • Лице кое живее во исто домаќинство како случајот<br>• Лице кое има незаштитен директен контакт со заразни секрети на случајот (на пр. при кашлање, допирање на користените марамчиња без ракавици)<br>• Лице кое имало контакт лице в лице со случај на растојание помало од 2 метри и подолго од 15 минути<br>• Лице кое било во затворена просторија со случај (на пр. училница, сала за состаноци, чекална во болница, автобус, итн.) на растојание помало од 2 метри и подолго од 15 минути<br>• Здравствен работник (ЗР) или друго лице кое обезбедува директна грижа за случајот или лабораториски работници кои ракуваат со примероци од случајот, без препорачана лична заштитна опрема (ЛЗО) или со можно прекршување на мерките за ЛЗО<br>• Контакти во авион (автобус) кои седат во опсег од два реда во која било насока од случајот, сопатници или лица кои обезбедуваат нега, и членовите на екипажот кои служат во делот на авионите каде што седел случајот (ако сериозноста на симптомите или движењето на случајот укажуваат на поширока изложеност, патниците што седат во целиот дел или сите патници може да се сметаат за блиски контакти) |
| **Јавно здравствени мерки при високо ниво на ризик :** | **<u>Пасивен надзор:</u>**<br>1. **Задолжителна домашна само изолација (домашен карантин) во должина од 14 дена по влегување во Земјата**<br>2. Дневно само-мерење на температура и следење на симптоми<br>3. Социјална дистанца<br>4. Следење на упатства за самоизолација (домашен карантин)<br>5. Во случај на симптоми:<br>- Само изолација<br>- се јавува телефонски на здравствени служби според препораки за патници | **<u>Активен надзор:</u>**<br>1. Здравствен надзор изречен од ДСЗИ<br>2. **Задолжителна домашна само изолација (домашен карантин) во должина од 14 дена од последен контакт**<br>3. Дневен мониторинг и контрола на температура и симптоми<br>4. Дневни контроли од здравствени служби и надлежна епидемиолошка служба<br>5. Забрана за патување<br>6. Социјална дистанца<br>7. Следење на упатства за самоизолација (домашен карантин) |

| **Ниво на ризик** | **Географска експозиција (Патници):** | **Експозиција на контакти со потврден случај** |
|---|---|---|
| **СРЕДНО**<br><br>(претпоставува дека не постои тип на експозиција во категоријата на висок ризик!) | **Патници кои доаѓаат од:**<br>• Земји класифицирани  како земји со среден ризик<br>(според листа на ИЈЗ/МЗ) | • Близок контакт со случај помалку од 15 минути<br>• Лице кое имало директен физички контакт со случајот (на пр. ракување со рацете)<br>• Лице кое живее во исто домаќинство како **случајот** (случај е лабораториски потврден заболен во домашен карантин/лекување) при што постојано се применувале мерките за превенција препорачани во упатства за самоизолација (домашен карантин) |
| **Јавно здравствени мерки при средно ниво на ризик :** | **<u>Пасивен надзор:</u>**<br>1. **Задолжителна домашна само изолација (домашен карантин) во должина од 14 дена по влегување во Земјата**<br>2. Дневно само-мерење на температура и следење на симптоми<br>3. Одржување на социјална дистанца<br>4. Следење на упатства за самоизолација (домашен карантин)<br>5. Во случај на симптоми:<br>- само изолација<br>- се јавува телефонски на здравствени служби, согласно востановени процедури | **<u>Пасивен надзор:</u>**<br>1. **Задолжителна домашна само изолација (домашен карантин) во должина од 14 дена по последен контакт со случајот**<br>2. Дневно само-мерење на температура и следење на симптоми<br>3. Социјална дистанца<br>4. Следење на упатства за самоизолација (домашен карантин) |

| Ниво на ризик | Географска експозиција (Патници): | Експозиција на контакти со потврден случај |
|---|---|---|
| **НИСКО** (претпоставува дека не постои тип на експозиција во категоријата на висок или среден ризик!) | **Патници кои доаѓаат од:**<br>• Земји класифицирани како земји со низок ризик (според листа на ИЈЗ/МЗ) | **Случаен контакт со потврден случај:**<br>• Лице кое имало контакт со случај на растојание поголемо од 2 метри или пократко од 15 минути<br>• Лице кое било во затворена просторија со случај (на пр. училница, сала за состаноци, чекална во болница, автобус, итн.) на растојание поголемо од 2 метри и пократко од 15 минути<br>• Сопатник кој седи на растојание поголемо од два реда во било која насока |
| **Јавно здравствени мерки при ниско ниво на ризик :** | **<u>Пасивен надзор:</u>**<br>1. Следење на симптоми<br>2. Во случај на симптоми:<br>- Само изолација и<br>- се јавува телефонски на здравствени служби според препораки за патници | **<u>Пасивен надзор:</u>**<br>1. Дневно само-мерење на температура и следење на симптоми<br>2. Одржување на социјална дистанца<br>3. Во случај на симптоми: самоизолација и се јавува телефонски на здравствени служби според препораки за патници |
| **Ниво на ризик кај ЗДРАВСТВЕНИ РАБОТНИЦИ** | **Експозиција на контакти со потврден случај** | **Јавно здравствени мерки** |
| **ВИСОК РИЗИК** (високо ризична експозиција) | **Незаштитен контакт со потврден случај:** подразбира пропуст во употреба на лична заштитна опрема, согласно упатства за здравствени работници | **<u>Активен надзор:</u>**<br>**1. Суспензија од работа за 14 дена**<br>**2. Здравствен надзор изречен од ДСЗИ**<br>**3. Задолжителна домашна само изолација (домашен карантин) во должина од 14 дена од последен контакт**<br>4. Дневен мониторинг и контрола на температура и симптоми<br>5. Дневни контроли од здравствени служби и надлежна епидемиолошка служба<br>6. Забрана за патување<br>7. Социјална дистанца<br>8. Следење на упатства за самоизолација (домашен карантин) |
| **НИЗОК РИЗИК** (високо ризична експозиција) | **Заштитен контакт со потврден случај:** подразбира целосна употреба на лична заштитна опрема, согласно упатства за здравствени работници | 1. Продолжува со работа<br>2. Користи ЛЗО<br>3. Дневно само-мерење на температура и следење на симптоми<br>4. Одржување на социјална дистанца<br>5. Во случај на симптоми:<br>- само изолација<br>- се јавува телефонски на здравствени служби, согласно востановени процедури |